# XXV МЕЃУНАРОДНА ТРКАЛЕЗНА МАСА „SВЕЗДИТЕ НА БАЛКАНОТ“ (21. 4. - 23. 4. 2016, Благоевград)

**Јубилејната XXV меѓународна тркалезна маса на тема „Sвездите на Балканот“** (25th International Round Table “Stars on the Balkans”), која се одржа во Благоевград (21–23 април 2016 г.), традиционално организирана од Меѓународниот универзитетски семинар за балканистички проучувања и специјализации, при Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“, оваа година беше во коорганизација со Американскиот универзитет во Бугарија и со Институтот за национална историја од Република Македонија. Отворањето го поздравија доц. д-р Елена Тачева (претседателка на Балканистичкиот семинар), проф. д-р Антони Стоилов (проректор на Универзитетот) и проф. д-р Драги Ѓоргиев (директор на Институтот за национална историја). Научниот собир, на којшто беа пријавени учесници од повеќе земји (Бугарија, Македонија, Австрија, Русија, Словачка, Чешка), ја продолжи работата по секции.

На тридневниот собир бевме сведоци на научна дискусија за најразлични теми, поврзани со основната идеја – да се согледаат разни аспекти на феноменот на процесот на раѓањето и фунционирањето на sвездите на Балканот, низ времето. Притоа, фокусот на научните презентации беше ставен, главно, врз личните профили на историските личности како носители на процесите, низ различни историски епохи. Во таа смила, беа претставени темите околу култивирањето на почитта кон познатите дејци во општеството и од интелектуалната елита (sвезди на театарот, медиумски и музички sвезди), а посебно, sвездите во политиката, односно политичките лидери – нивната моќ и харизмата. Беше интересно да се проследат размислувањата и за улогата на националните хером и славните воени војсководци, како и на значењето на некои ликови од литературата и традицијата, односно нивното претставување кај балканските народи. Посебен интерес побудија личностите проучувани низ призмата на нивната улога во култовите (религиозни и световни), односно култните места и практики. Не помалку значајни беа и темите поврзани со современите начини на пројавување и креирање sвезди, со поглед на улогата на социјалните мрежи и, воопшто, масовната култура и младите, како и

печатот, туризмот итн. Посебен дискурс беше ставен и на жената низ историјата, во корелација со разни општествени, социјални, културни и политички аспекти.

Како претставници на Институтот за национална историја, учество зедоа професорите Билјана Ристовска-Јосифовска (“Witnessing The Birth of A Star”), Драги Ѓоргиев со (“Salih Asim – The Most Famous Ottoman Mayor of Skopje”) и Владимир Јанев (“The Cult of Personality /Yugoslavian Edition/”).

Во рамките на Конференцијата беше предвидена и дополнителна програма. Така, во просториите на Американскиот универзитет, во Благоевград, на 21 април, ја проследивме **Изложбата на фотографии „Женски ликови од Руско-турската војна 1877-1878“ (“Women Faces of Russo-Ottoman War 1877-1878”)**, подготвена од професорите Нурие Муратова и Кристина Попова. Оваа изложба овозможи, низ фотографијата како историски извор и специфично место на сеќавање, да се документира дејствувањето на жените во текот на воените дејства, видени од повеќе аспекти и распоредени низ неколку тематски целини (женските движења, филантропијата, спомениците, медицински сестрите, Црвениот крст и Црвената полумесечина и киноматографијата). На тој начин, изложбата ја постигна својата цел, да ги направи жените видливи во целокупната слика за војната, која, главно, се смета како поле на дејствување на мажите.

По официјалното отворање и разгледувањето на Изложбата, следеше промоцијата на новото издание на списанието **“Balkanistic Forum”**, со тематика „Женската меморија за Руско-турската војна 1877-1878 година“ (“Women's Momory of the Russian-Ottoman War 1877-1878”. Editors: Evelina Kelbecheva and Milena Angelova, 3/2016). Изданието го презентираше проф. д-р Карл Касер од Универзитетот во Грац (Австрија).

Посебно внимание заслужува **„Феминистичката прошетка – доживување на женските места на Благоевград“**, која се одржа на 23 април. Организатори на овој настан беа Бугарската асоцијација на универзитетски жени и Меѓународниот семинар по балканистика, а водачи и презентери низ градот беа универзитетските професори Кристина Попова, Нурие Муратова и Милена Ангелова. Со оваа феминистичка прошетка беше направен обид за откривање на значењето на културната меморија на жените во Благоевград. Посетата

на некои точки низ градот, поврзани со дејноста на жени од различни професии и сфери на граѓанскиот слој (студентки, професорки, политичарки итн.), овозможи да се согледаат присуството и улогата на жените во општествениот, политичкиот и културниот живот на градот.

***Билјана Ристовска-Јосифовска***